Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Градоначалникот на Општина Центар, на ден 28.12.2011година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Изменување и дополнување на ДУП Централно градско подрачје Мал Ринг-** Општина Центар плански преиод 2011-2016, кој се носи согласно Програмата за урбано планирање „Ф" на Општина Центар за 2011година , не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Центар.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Изменување и дополнување на ДУП Централно градско подрачје Мал Ринг** – Општина Центар плански период 2011-2016, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: имајќи ги во предвид сите просторни ,технички и функционални карактеристики како и фактот дека планираните градби во третираниот простор со намена се исти како и постојните функции и намени, како и фактот дека за околните ДУП – ови, претходно се добиени мислења дека не постојат основани индиции дека истите би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и на просторот во непосредна околина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.08-544/1
30.12.2011
Скопје.

Градоначалник на
Општина Центар

Владимир Тодоровиќ

Изготвил, Светлана Мриновиќ, дла

Одобрил, Алексдандар Јанакиески, дла